Здружението за застапување, спроведување и поддршка на решенија со кои луѓето ќе бидат подобро поврзани со природата НАТУРА МК Скопје за потребите на проектот „Поддршка за креирање на одржливи финансиски модели за заштитените подрачја", кој е во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан", имплементиран од Центарот за правни истражувања и анализи, Македонското здружение на млади правници и Фронт 21/42, а е финансиски поддржан од Европската унија, на 27.03.2026 објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За ангажирање на правно лице за обезбедување хотелски услуги за јавен настан

### 1. Општи информации за проектот

Проектот „Поддршка за креирање на одржливи финансиски модели за заштитените подрачја" (во понатамошниот текст: Проектот) е акција која ќе се спроведува во период од осум месеци, односно од 1 август до 30 април. Општа цел на Проектот е поддршка на заштитените подрачја за воспоставување на модели за одржливо финансирање на заштитата на природата и биолошката разновидност, во согласност со националните политики и меѓународните обврски преземени од земјата.

Кон постигнување на општата цел ќе придонесат две краткорочни цели:

- Обезбедена поддршка од релевантни засегнати страни (државни институции, управители на заштитени подрачја, локални заедници и граѓански организации) за спроведување на предложениот модел за одржливо финансирање.
- Подигнато ниво на информираност на јавноста и институциите за потребите од финансирање на заштитените подрачја.

За остварување на целите на Проектот ќе се реализираат повеќе активности групирани во четири компоненти: Истражување на моменталната состојба со финансирање на заштитените подрачја (А.1); Изработка на анализа на потреби и можности за финансирање на заштитените подрачја и подготовка на предлог-модел (А.2); Презентација на анализата и предлог-моделот на јавен настан (А.3); Спроведување на кампања за информирање и застапување (А.4).

Со реализација на овие активности, преку оваа акција ќе се обезбедат релевантни податоци и препораки како основа за системски реформи во финансирањето на заштитените подрачја. Ова ќе придонесе кон долгорочна финансиска стабилност, подобро управување со природните богатства, исполнување на законските и меѓународните обврски, како и кон унапредување на одржливиот економски развој и заштита на биолошката разновидност.

### 2. Опис на ангажманот

Во рамки на активноста А.3. е предвидена презентација на анализата и предлог-моделот на јавен настан. Настанот треба да овозможи соодветни услови за презентација и дискусија со најмалку 30 учесници, вклучувајќи претставници од институции, управители на заштитени подрачја, граѓански организации, експерти и медиуми.

За реализација на оваа активност потребно е да се ангажира правно лице што ќе обезбеди хотелски услуги и логистичка поддршка за одржување на настанот. Поради природата на услугата (интегрирана организација на настан), понудите треба да ги опфатат сите наведени/побарани услуги.

Понудите поднесени во оваа јавна набавка мора да се однесуваат на спроведувањето на целокупната активност опишана во точката 2.1 од овој повик.

**2.1. Ангажирање на правно лице за обезбедување хотелски услуги за јавен настан (А.3.)**

Предмет на ангажманот:

- Обезбедување конференциска сала за еднодневен јавен настан за најмалку 30 учесници.
- Обезбедување ручек/кетеринг за најмалку 30 учесници;
- Обезбедување на кафе пауза за најмалку 30 учесници;
- Обезбедување на вода и освежителни пијалоци;
- Обезбедување ЛЦД проектор, проекторско платно и статични микрофони;
- Обезбедување стандардна техничка и логистичка поддршка за непречено одвивање на настанот, вклучително поставеност на салата, пристап до електрична енергија, климатизација и поддршка од персонал за време на настанот.

Минимални услови:

- Понудувачот да е регистриран за вршење соодветна дејност.
- Да располага со простор и опрема соодветни за организирање деловен или јавен настан.
- Да има искуство во обезбедување хотелски или конференциски услуги за слични настани.

Времетраење:

Услугата треба да се обезбеди за еднодневен настан кој е планиран да се одржи на 24 април 2026 година.

**Проектот е ослободен од ДДВ. Понудувачите треба да доставаат понуда без пресметан ДДВ.**

**3. Начин и рок на аплицирање**

Понудите се доставуваат електронски на е-маил адресата nature.financing@naturamk.org најдоцна до 03.04.2026 во 16:00 часот, а насловот на пораката треба да биде: „Понуда - Хотелски услуги за јавен настан (А.3.)“

За да се пријави на повикот, понудувачот треба да достави:

- Финансиска понуда според образецот даден во Прилог 1, со посебно наведени ставки за конференциска сала, ручек/кетеринг, кафе пауза, освежување, ЛЦД проектор и проекторско платно, како и вкупна сума за целокупниот ангажман.
- Краток опис или фотографии од салата и опремата што се нудат.
- Предлог мени за ручек, кафе пауза или кетеринг.

Понудите кои ќе содржат непотполна или неуредна документација, како и понудите доставени по рокот утврден во овој повик, нема да бидат земени предвид. Натура МК ќе ги извести сите кандидати за исходот од евалуацијата.

**4. Финансиска понуда**

Во рамки на пријавата, понудувачот треба да достави пополнета финансиска понуда (Прилог 1) во која ќе биде наведена единечна вредност на поединечните ставки и вкупна сума за целокупниот ангажман.

Сите евентуални дополнителни трошоци поврзани со организацијата на настанот треба да бидат вклучени во вкупната понудена цена.

**5. Критериуми и начин на избор на најповолна понуда**

Сите навремени, потполни и уредни пријави ќе бидат разгледани и оценувани според следните критериуми:

| | |
|---|---|
| **Квалитет и соодветност на понудата**<br><br>Оценувањето ќе се врши врз основа на севкупниот квалитет и адекватност на понуденото решение за реализација на настанот. | 60 поени |
| **Финансиска понуда**<br><br>Најниската понудена цена добива максимален број на поени, а останатите понуди се оценуваат пропорционално. | 40 поени |
| **Вкупно** | **100 поени** |

Евалуацијата ќе се врши врз основа на принципот најдобар сооднос помеѓу цена и квалитет.

Понудите кои се некомплетни или не содржат понуда за извршување на сите услуги дефинирани во точката 2.1. од овој повик, нема да бидат разгледани.

Со понудувачот кој ќе добие најмногу поени ќе биде склучен договор во кој ќе бидат подетално утврдени меѓусебните права и обврски.

**6. Појаснување на повикот**

Доколку се потребни дополнителни информации во врска со овој повик, заинтересираните понудувачи можат да се обратат само писмено на nature.financing@naturamk.org најдоцна до 03.04.2026 во 12:00 часот.

**ПРИЛОГ 1 – ФИНАНСИСКА ПОНУДА**

За ангажирање на правно лице за обезбедување хотелски услуги за јавен настан (А.3.)

## 1. Податоци за понудувачот

| | |
|---|---|
| **Назив на понудувачот** | ______________________________ |
| **Адреса на понудувачот** | ______________________________ |
| **Телефонски број** | ______________________________ |
| **E-mail адреса** | ______________________________ |
| **Контакт лице** | ______________________________ |

## 2. Изјава на понудувачот

Со поднесување на оваа понуда, понудувачот потврдува дека понудата е изготвена во согласност со условите наведени во јавниот повик и дека ги прифаќа сите услови наведени во истиот.

## 3. Финансиска понуда

| Р.бр. | Опис на ставка | Единица | Количина | Единечна цена (денари) | Вкупно (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Конференциска сала за еднодневен јавен настан | настан | 1 | __________ | __________ |
| **2** | Ручек / кетеринг за учесници | лице | 30 | __________ | __________ |
| **3** | Кафе пауза за учесници | лице | 30 | __________ | __________ |
| **4** | Вода и освежителни пијалоци за учесници | лице | 30 | __________ | __________ |
| **5** | ЛЦД проектор | настан | 1 | __________ | __________ |
| **6** | Проекторско платно | настан | 1 | __________ | __________ |
| **7** | Микрофони | сет | 2 | __________ | __________ |
| **8** | Техничка и логистичка поддршка за време на настанот | настан | 1 | __________ | __________ |
| | | | | **ВКУПНО БРУТО:** | ____________ |

Напомена: Во вкупната понуда треба да бидат вклучени сите трошоци поврзани со организацијата и реализацијата на настанот.

## 4. Потпис и заверка

Подносител: ____________________

Датум и место: ____________________